# Известување за концентрација со која ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД од Австралија ќе стекне единствена директна контрола над Н.П.Т. С.Р.Л. од Италија

**(предмет бр. 08-42 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 23.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на единствена директна контрола од страна на ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД со регистрирано седиште на ул. Данденонг бр.1956, Клејтон, Викторија 3168, Австралија над Н.П.Т. С.Р.Л. со регистрирано седиште на Виа Гуидо Росса бр.2, Валсамоглиа (БО) по пат на купопродажба на удели.

- **ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД** е друштво кое произведува и продава, најмногу во Австралија и Нов Зеланд, декоративни бои, текстурни премази, заштитни премази, индустриски премази, премази во прав и облоги за нега на дрво за постоечки домови, нови станбени градби, комерцијални градби, инфраструктури и индустриски пазари. ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД е крајно контролирано од Ниппон Пеинт Холдингс Ко. Лтд, јапонско холдинг друштво кое има активности во индустријата на бои и премази.

ДУЛУХГРУП ЛИМИТЕД има регистрирано друштво во Република Северна Македонија и тоа **Друштво за трговија и услуги ЈУБ ДООЕЛ Скопје** со седиште на бул. Јане Сандански бр.79А-3, Скопје и регистрирана приоритетна дејност-трговија на големо со хемиски производи.

- **Н.П.Т. С.Р.Л.** е друштво кое е активно најмногу во Италија и Европа. Целното друштво е во целосна сопственост на 3Г Гроуп С.п.А. (3G Group S.p.A.) и е активно во производство и продажба на лепила и заптивки.

Н.П.Т. С.Р.Л. има ограничен промет во Македонија и нема регистрирано присуство во земјата.

Подносителот на известувањето ѝ предлага на Комисијата како релевантен пазар да се земе пазарот на лепила и заптивки.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

27.02.2023 година

Скопје